Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 19.10.2023

Денеска (19.10.2023) околу 02.30 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Е.З.(26) од Кичево. При претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, дигитална вага и предмети со остатоци од бела прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.10.2023 околу 15.30 часот во с.Велешта, струшко, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода А.И.(36) од с.Велешта. При претрес во неговиот дом и неговото патничко возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одзмени еден пиштол со калибар 6.35 мм од чешко производство, со рамка со пет куршуми калибар 6.35 мм и 33 куршуми калибар 9 мм. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.10.2023 во 19.50 часот на автопатот Граничен премин Табановце- Куманово, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода Д.С.(23) од Гевгелија. При преглед во патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени четири лица мигранти од Непал. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.10.2023 во 22.00 часот на магистралниот пат Кичево –Охрид, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода Р.А.(24) и Е.В.(23), двајцата од Кичево. При преглед во патничко возило „цитроен" со кичевски регистарски ознаки, кое го управувал Р.А., а сопатник бил Е.В., биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.10.2023 во 23.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.10.2023 во 21.10 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Аеродром и Драчево при СВР Скопје го лишиле од слобода В.К.(48) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашката материја и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (18.10.2023) во периодот од 09.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 199 пешаци. За време на контролата санкционирани се и 126 други видови на прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 170 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина пет санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 10 мерки за користење на мобилен телефон при управување возило...

Во текот на вчерашниот ден (18.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 138 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 67 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 71 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (18.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 71 возачи, меѓу кои 16 мерки за возење повеќе од дозволената брзина , 22 мерки за непрописно паркирање, 31 санкција за прекршоци што ги прават пешаците ...

На 18.10.2023 во 23.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Скопје, на крстосница од бул.„АСНОМ" со сервисна улица, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(29) од Скопје, и автобус на ЈСП, управуван од С.Б.(33) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од патничкото возило, С.М.(33) од Кочани, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.10.2023 во 14.00 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Охридска" во Битола се случила собраќајна несреќа помеѓу мопед „априлија" со битолски регистарски ознаки, управуван од М.М.(42) од Битола и велосипед кој го управувал малолетник од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, а М.М. се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 18.10.2023 во 12.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.С.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Патрис Лулумба" во Скопје неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 18.10.2023 во 17.20 часот во Полициската станица Бит Пазар, Ј.К.(36) од Скопје пријавил дека на бул.„Македонско косовска бригада" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 18.10.2023 во 19.50 часот во Полициската станица Аеродром, С.К.(41) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Отсекот за економски криминал при СВР Велес поднесе кривична пријава против правно лице од Велес и против Ј.Н.(48) од велешко, управител на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување" по член 279 од Кривичниот законик. На 25.09.2023, полициски службеници од Отсекот за економски криминал извршиле контрола во правното лице во Велес, кое врши продажба на огревно дрво, при што било констатирано даночно затајување од Ј.Н., односно за да се одбегне целосно или делумно плаќање на данок, придонес или друга давачка, дал лажни, неточни податоци за утврдување на количината на огревни дрва кои ги има на плацот за продажба на огревни дрва.

На 18.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 7 прекршоци, сите во населено место. Истиот ден во времето од 09.00 до 14.00 часот била спроведена акциска контрола на прекршоци што ги прават пешаците. Притоа биле санкционирани 18 прекршоци. Санкционирани биле и 33 други видови на прекршоци, од кои, 11 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 1 за неносење заштитна кацига и 12 за непрописно паркирање.

На 18.10.2023 во 21.50 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" настанал пожар во фарма, сопственост на П.М.. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Свети Николе, а повредени лица нема.

На 19.10.2023 во 04.50 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека на ул.„Сердарот" настанал пожар во гаража сопственост на П.Т.(65) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 18.10.2023 во СВР Битола, Х.А.(38) од Битола пријавила дека на ул.„Партизанска" во Битола, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 18.10.2023 во СВР Битола, Ј.В.(80) од Битола пријавил дека во населба „Карпош" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 18.10.2023 во Полициското одделение Новаци, М.С.(47) од с.Добромири, општина Новаци, пријавил дека во близина на стадионот во с.Новаци бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Р.Т.(65) од охридско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во периодот од 31.03.2023 до 12.04.2023, пријавениот преку социјалната мрежа Фејсбук стапил во контакт со женско лице од Кочани, доведувајќи ја во заблуда да уплати одредена сума на пари за да и даде донација за нејзиното лекување. По ова, таа во неколку наврати уплатила вкупно 34.100 денари до 12.04.2023 кога пријавениот ја блокирал на телефон и Фејсбук.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.М.(42) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 19.09.2023 во село Велешта, струшко, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.П. од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.10.2023 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и во неговото патничко возило „опел астра", кое го управувал, при што биле пронајдени и одземени марихуана, две дигитални ваги со остатоци од марихуана и кокаин и други предмети кои потекнуваат од кривичното дело.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба", против Ѓ.С.(36) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „помагање" и против Р.М.(43) од село Сарај поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „прикривање". На 17/18.03.2023 од стан на П.Т.(45) од Тетово, малолетниците одзеле ловечка пушка „Чешка зброевка" калибар 12 мм; ловечки карабин „Црвена застава" калибар 8 мм и пиштол „Црвена застава" калибар 9 мм, сопственост на нејзиниот починат сопруг. Откако го одзеле оружјето му го предале на третопријавениот, кој пак му го продал пиштолот на четвртопријавениот, додека ловечката пушка и карабинот ги сокрил во нива на место викано „Балтепе", тетовско, која ја имал закупено. Исто така, на 02.08.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошни простории кај четвртопријавениот, при што пронашле и одзеле автоматска пушка и пет куршуми, кои ги поседувал без дозвола.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.М.(44) од село Таринци, штипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 20.10.2022, пријавениот, на објава на социјалната мрежа Фејсбук напишал коментар со кој ширел говор на омраза.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.И.(29) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување пари" и „измама". На 20.05.2021 во Скопје, пријавениот се сретнал со 58-годишна жена и по претходен договор од неа купил мобилен телефон за 430 евра. Притоа, тој и дал четири банкноти од по 100 евра и една банкнота од 2000 денари. Таа ги однела банкнотите да ги провери во менувачница, каде што и било кажано дека девизите се фалсификат.

На 18.10.2023 во 21.15 часот во СВР Скопје, А.Ж.(61) од Скопје пријавил дека околу 19.20 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2023 во 23.00 часот во СВР Скопје, Ј.М.(33) од Охрид пријавил дека на подрачјето на Центар од заталкано зрно му била оштетена предното стакло од неговото патничко моторно возило „бмв". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.В.(61) и Д.Ј.(43), двајцата од Скопје, при што бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.10.2023 во 02.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул„Јане Сандански" во Скопје настанал пожар во патничко возило „тојота", сопственост на Д.Ч.(41) од Скопје. Од пожарот било зафатено и патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Карпош, Е.А.(34) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка С.А.(14). Според пријавеното, таа најверојатно била со нејзиното момче К.Б. од Шуто Оризари. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.10.2023 во 09.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Л.Ч.(60) од Скопје пријавила дека на ул.„Ацо Шопов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 18.10.2023 во 18.10 часот во СВР Скопје, Р.А.(22) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар, бил физички нападнат од Д.Ј.(23) и Е.Р.(23), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.10.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје, Б.Т.(45) од Скопје пријавил дека на 16.10.2023 околу 19.30 часот во игротека во скопско, на прослава на роденден на неговиот малолетен син, неговата малолетна ќерка се фатила за една од цевките во објектот, при што се здобила со изгореница на раката од струен удар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2023 во 22.30 часот во СВР Скопје, Ф.А.(42) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на подрачјето на Чаир, неговиот син бил физички нападнат од С.Б. и уште едно лице, по што С.Б. со остар предмет му нанел повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.10.2023 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 17.10.2023 околу 10.50 часот на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.П.(29) и П.А.(53), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.10.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, К.Н.(33) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Л.Н.(15). Според пријавеното, најверојатно била со нејзиното момче А.Н. од Шуто Оризари. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет